Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Бр. 13-12606/2

07.10.2026 година
Скопје

Врз основа на член 21 став (1) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерката за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за изменување на Концепцијата за гимназиско образование

1.Во Концепцијата за гимназиско образование донесена со Решение бр. 13-4114/2 од 11.03.2026 година, на страна 25 зборовите: „Освен тоа, училиштето е задолжено да понуди и таканаречени **Слободните изборни предмети** што се реализираат во вид на работилници или проектни активности. Слободните изборни предмети треба да бидат од различни области (како: ментално здравје и добросостојба, здравствено и сексуално образование, вештачка интелигенција, ненасилна комуникација и разрешување конфликти, реторика, иновации и финансиска култура, како и од областа на уметностите и културата (музичка и визуелна уметност), со цел да обезбедат практични знаења и животни вештини кои ги надополнуваат општообразовните содржини на гимназиското образование и да им овозможат на учениците да стекнат компетенции што ќе им помогнат да се справат со современите предизвици и да се подготват за активно учество во општеството. Секој ученик избира два предмета секоја учебна година (по еден во секое полугодие), што значи дека до завршувањето на гимназиското образование изучува осум слободни изборни предмети. Кои предмети во која година ќе ги избере зависи од самиот ученик.“ се заменуваат со зборовите:

„Освен тоа, училиштето е задолжено да понуди и слободни изборни предмети што се реализираат во вид на работилници или проектни активности. Слободните изборни предмети треба да бидат од различни области, како: здравје и заштита на здравјето, вештачка интелигенција, медиумска писменост, ненасилна комуникација и разрешување конфликти, реторика, иновации и финансиска култура, како и од областа на уметностите и културата (музичка и визуелна уметност), со цел да обезбедат практични знаења и животни вештини кои ги надополнуваат општообразовните содржини на гимназиското образование и да им овозможат на учениците да стекнат компетенции што ќе им помогнат да се справат со современите предизвици и да се подготват за активно учество во општеството. Секој ученик избира два предмета секоја учебна година (по еден во секое полугодие), што значи дека до завршувањето на гимназиското образование изучува осум слободни изборни предмети. Кои предмети во која година ќе ги избере зависи од самиот ученик.“

2.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

До Министерството за образование и наука доставен е Предлог со бр. 08-8/124 од 30.09.2026 година од Бирото за развој на образованието за изменување и дополнување на Концепцијата за гимназиско образование донесена со Решение бр. 13-4114/2 од 11.03.2026.

Министерството за образование и наука го разгледа горенаведениот Предлог и донесе одлука како во диспозитивот на ова Решение.

МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА,
проф. д-р Весна Јаневска, с.р.

Доставено до:
- Бирото за развој на образованието
- Архива.